<table>
<tr><th colspan="6">Предметна програма од втор циклус студии</th></tr>
<tr><td>1.</td><td>Наслов на наставниот предмет</td><td colspan="4">Менаџмент на иновации</td></tr>
<tr><td>2.</td><td>Код</td><td colspan="4">MM107/2023</td></tr>
<tr><td>3.</td><td>Студиска програма</td><td colspan="4">Меѓународен менаџмент - двегодишна програма</td></tr>
<tr><td>4.</td><td>Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)</td><td colspan="4">Економски институт, Скопје,<br>УКИМ</td></tr>
<tr><td>5.</td><td>Степен (прв, втор, трет циклус)</td><td colspan="4">Втор циклус</td></tr>
<tr><td>6.</td><td>Академска година/семестар</td><td>2023/2024/втор семестар</td><td>7.</td><td>Број на ЕКТС</td><td>10</td></tr>
<tr><td>8.</td><td>Наставник</td><td colspan="4">Проф. д-р Васил Поповски<br>Проф. д-р Ирина Пиперкова</td></tr>
<tr><td>9.</td><td>Предуслови за запишување на предметот</td><td colspan="4">Заверен претходен семестар</td></tr>
<tr><td>10.</td><td colspan="5">Цели на предметната програма:<br>Целта на овој предмет е да се насочат студентите кон проблематиката на управување со иновациите. Во таа насока, предметот ги опфаќа основната терминологија, современите академски теории на иновации, типовите на иновации, како и стратешките аспекти на процесот на иновации. Едновремено, ќе им овозможи на студентите продлабочено знаење за улогата и значењето на менаџментот на иновации, влијанието на иновациите врз конкурентноста на македонските компании вклучувајќи ги и соодветните методи и техники на управување со иновации. Во рамки на овој предмет процесот на управување со иновациите ќе се анализира од микро и макро аспект за да се оцени влијанието на управувањето со иновации за работата на организации, вклучувајќи ги стратешките деловни императиви за иновации. Овој предмет е соодветен за сите студенти заинтересирани за иновации и дизајн, како неопходни компоненти на новите бизнис пристапи денес.<br>Оспособен за (компетенции):<br>Студентите ќе стекнат знаења за да го разберат концептот на менаџмент на иновации како теоретски концепт, модел, рамка, алатка и техника со која ќе им овозможи: соодветна анализа на пристапи кон управувањето со иновациите; оценка на алтернативни практики во управувањето со иновациите во организациите. Предметната програма ќе ги оспособи студентите за разбирање на врската меѓу иновациите и организациските перформанси, во утврдување на улогата на државата во стимулирање и поттикнување на иновациите и оценување на факторите кои влијаат на иновациите. Студентите ќе бидат оспособени: да ја анализираат улогата на иновации во одржување на конкурентна предност на организациите; да го објаснат придонесот на интелектуална сопственост за управување со иновации и развој на нов производ / услуга.</td></tr>
<tr><td>11.</td><td colspan="5">Содржина на предметната програма:<br>1. Иновација: Вовед и предизвици<br>2. Концепт на иновации<br>3. Важноста на иновацијата<br>4. Историска ретроспектива<br>5. Макро и микроекономски поглед на иновациите<br>6. Претпоставки и бариерите за иновации, изворите на иновации,<br>7. Процес на иновации<br>8. Модели на иновациите<br>9. Типологија на иновации,<br>10. Организациски аспекти на иновации.<br>11. Стратегија за иновација<br>12. Методи и техники на управување со иновации.<br>13. Креативни пристапи кон иновации.<br>14. Интелектуална сопственост за управување со иновации<br>15. Развој на нов производ/услуга.</td></tr>
</table>

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 12. | **Методи на учење:**<br>Наставата се изведува во облик на предавања со дискусии, со интерактивни методи кои вклучуваат самостојни задачи на студентите, презентации и друго. | | | |
| 13. | **Вкупен расположлив фонд на време** | 15 недели<br>10 ЕКТС x 30 часови = 300 часови<br>Неделен фонд на часови (2+2) | | |
| 14. | **Распределба на расположливо време** | 12 недели + 3 недели консултации<br>30+30+240=300 часови | | |
| 15. | **Форми на наставните активности** | **15.1.** | Предавања-теоретска настава | 30 Часови |
| | | **15.2.** | Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа | 30 часови |
| 16. | **Други форми на активности** | **16.1.** | Семинарска работа | 60 часови |
| | | **16.2.** | Самостојни задачи | 80 часови |
| | | **16.3.** | Домашно учење | 100 часови |
| 17. | **Начин на оценување** | | | |
| | **17.1.** | Тестови | | 60 бодови |
| | **17.2.** | Семинарска работа/проект<br>(презентација: писмена и усна) | | 30 бодови |
| | **17.3.** | Активност и учество | | 10 бодови |
| 18. | **Критериуми за оценување (бодови/оценка)** | до 61 бода | 5 (пет) (F) | |
| | | од 61 до 68 бода | 6 (шест) (E) | |
| | | од 69 до 76 бода | 7 (седум) (D) | |
| | | од 77 до 84 бода | 8 (осум) (C) | |
| | | од 85 до 92 бода | 9 (девет) (B) | |
| | | од 93 до100 бода | 10 (десет) (A) | |
| 19. | **Услов за потпис и полагање на завршен испит** | *Редовност на настава и вежби, семинарска работа* | | |
| 20. | **Јазик на кој се изведува наставата** | *Македонски јазик* | | |
| 21. | **Метод на следење на квалитетот на наставата** | *Механизми на интерна евалуација* | | |
| 22. | **ЛИТЕРАТУРА** | | | |

**22.1.** Задолжителна литература

| Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Џон Бесан и Џо Тид | Иновација и претприемништво | Арс Ламина ДОО | 2012 |
| 2. | Петер Дракер | Иновацијата и претприемништвото | Просветно дело, АД-Скопје | 2009 |

**22.2.** Дополнителна литература

| Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Tidd J, and Bessant J. | Managing Innovation 4th Edition | John Wiley and Sons, Chichester, UK. | 2009 |
| 2. | Westland, J.C. | Global Innovation Management: A Strategic Approach | Palgrave Macmillan. | 2008 |